


Почитувани корисници,

Добредојдовте во светот на MaxTV.

Чест ни е да ви ја претставиме новата карактеристика на нашата услуга MaxTV услуга, којашто претставува иновација во светот на телевизијата.
MaxTV ќе ви даде бесконечна слобода и  телевизијата ќе биде таа којашто ќе се прилагодува на вашите желби и потреби.

Доколку вие не сте претплатени на сите канали од нашата MaxTV понуда тогаш истото можете да го сторите на повеќе начини. Еден од нив е да отидете во било кој Т продажен салон и да поднесете барање за активација , другиот начин е да се јавите на телефонскиот број 171 при што ќе ве пречека нашиот оператор и ќе ви ја активира услугата или пак наједноставно со активирање на пакетите преку нашата апликација достапна на MaxTV.

# Активирање на дополнителни пакети

## Како ќе ги препознаете ТВ каналите кои не се дел од вашата понуда?

Додека вртите по каналите може да забележите дека на некои од нив се јавува следнава порака:




Оваа порака означува дека вие не сте претплатени на дадениот ТВ канал.

## Како да се претплатите на некој од нашите дополнителни пакети?

Следејќи го упатството (кликнете на *Menu* изберете *ТВ канали* и потоа изберете *MaxTV пакети,* или пак со избирање на канал број 997), ќе стигнете до следниот екран:




Кликате на копчето *OK* доколку сакате да продолжите понатаму, или пак на копчето *Exit* доколку сакате да излезете од апликацијата.

Следниот екран кој се појавува е:



Тука можете да ги изберете (со штиклирање на квадратчињата после *ОПИС*) оние пакети на канали кои вие сакате да ви бидат достапни.

За деталите што содржат пакетите можете да одите во *ОПИС*. За да се вратите назад на претходниот екран потребно е да притиснете *OK*.


















По избирањето на пакетите започнува процесот на верифицирање на вашиот избор и притоа се појавува следниот екран:




Тука се дадени избраните пакети како и вкупната сума на чинење на истите. Во случај да имате поставено ПИН за изнајмување на содржини истиот ќе треба да го внесете во процесот на верифицирање а исто така еден од потребните параметри е и вашиот конто број (може да го најдете на вашата телефонска сметка). Доколку немате поставено пин за изнајмување истиот нема да се појави во процесот на верификација.

Помош:
Доколку направите грешка при внесување на ПИН-от или конто бројот кликнете на ← на далечинскиот управувач за да ги избришете погрешните цифри.



Копчето за бришење (←) се наоѓа лево под алфанумеричките карактери.

По внесот на овие параметри ќе добиете потврда за успешно извршено купување и информација како да го рестартирате системот за да ги добиете избраните канали веднаш (кликнете *Exit* на далечинскиот управувач, потоа кликнете *Menu*, одете на *Подесување* и изберете *Рестартирање*) .



Доколку сакате да откажете некој од дополнителните пакети на коишто се претплатени, истото можете да го сторите со вртење на телефонскиот број 171 или пак во било кој Т продажен салон.
Минималното траење на пакетите е 30 дена. Вие истите може да ги откажете во било кое време, но притоа ќе ви се наплати месечната претплата за пакетите, и истите ќе ги имате на располагање 30 дена од денот на нарачка.

Уживајте во изборот!

Напомена:
Доколку имате било какво прашање или проблем, ве молиме јавете се на бесплатниот телефонски број 080012345.

Препорака:
Медиа приемникот треба да биде исклучен (Stand by) доколку не гледате MaxTV.
Затоа ве молиме при исклучување на вашиот ТВ приемник да не заборавите да го исклучите и Медиа приемникот.
Закажаните снимања се реализираат и во случај кога Медиа приемникот е исклучен (Stand by).